РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-895/1
05.05 2022 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Македонска Каменица, на ден 05.05.2022 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Луковица, општина Македонска Каменица кој го донесува Совет на општина Македонска Каменица потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за село Луковица, општина Македонска Каменица се определуваат следните: општина Македонска Каменица, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, ЕВН, Мепсо, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и др.

3. За планскиот документ Урбанистички план за село Луковица, општина Македонска Каменица, за чија изработка е одговорен Иванов Инжинеринг од Битола, а го донесува Советот на општина Македонска Каменица, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Луковица, општина Македонска Каменица ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз биодиверзитеот, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Македонска Каменица на следната веб адреса/и: www.makedonskakamenica.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 09-895/1
Место Општина Македонска Каменица

Име и презиме
Градоначалник
Димчо Атанасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА